Врз основа на член 69 став 1 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 51/11 и 123/12) и член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина (Сл.весник нр.147/08), општина Маврово и Ростуше до дава следното

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Согласно обврските дадени во Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 51/11 и 123/12) и донесените Одлуки за спроведување на стратегиска оцена за урбанистички план за село Росоки и урбанистички план за село Тресонче (УП 1 бр.09-34 и УП 1 бр.09-2 од 30.05.2013 год.) општина Маврово и Ростуше пристапи кон спроведување на стратегиска оцена на животната средина за горespомenaтите урбанистички документи.

Нацрт извештаите за стратегиска оцена на животната средина за урбанистички план за село Росоки и урбанистички план за село Тресонче ќе бидат достапни за јавен увид на интернет страната на општината Маврово и Ростуше (www.mavrovoirostuse.gov.mk) и во просториите на општината, секој ден од 08.00 до 16.00 часот во текот на периодот за јавен увид. Јавниот увид ќе трае 30 (триесет) денови од денот на објавувањето на соопштението.

Јавната расправа по Нацрт извештаите за стратегиска оцена на животната средина за урбанистички план за село Росоки и урбанистички план за село Тресонче ќе се одржи на ден 25.06.2013 година во просториите на општина Маврово и Ростуше во 12.00 часот.

Заинтересираната јавност, во периодот за јавен увид, ќе може да ги достави своите коментари и забелешки по однос на текстот на гореспоменатите Нацрт извештаи за стратегиска оцена на животната средина.

**Општина Маврово и Ростуше**
**Градоначалник**
**Мукрем Мехмеди**